**20181061965**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 43 став (3) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ број 83/2018), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за исплата на финансиската поддршка и потребната документација.

Член 2

Барањето за исплата на финансиската поддршка се поднесува на образец во А-4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 на овој правилник, за сите видови на финансиска поддршка се доставуваат следните документи:

- Копија од склучен договор за финансиска поддршка;
- Годишна сметка и финансиски извештај за претходната година и консолидирана годишна сметка и консолидиран финансиски извештај за претходната година, доколку деловниот субјект составува и објавува ваков вид на извештаи;
- Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, не постара од 60 дена;
- Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, не постара од 60 дена;
- Бруто биланс со состојба на крајот од претходната година и бруто биланс со состојба на крајот од претходниот месец на месецот во кој се доставува барањето за исплата;
- Список на основни средства со набавна и амортизирана вредност со состојба на крајот од претходната година и со состојба на крајот од претходниот месец на месецот во кој се доставува барањето за исплата;
- Потврда од Царинската управа дека корисникот нема неплатен долг по основ на царина и други увозни давачки, не постара од 60 дена;
- Уверение од Управата за јавни приходи дека корисникот нема достасани неподмирени даночни обврски, не постаро од 60 дена;
- Извештај за вкупно настанати оправдани трошоци за инвестицискиот проект заклучно со крајот на претходната година; и
- Нотарски заверена изјава на законски застапник на корисникот, под полна материјална, кривична и морална одговорност дека приложената документација и податоците се точни, вистинити и веродостојни и дека за истите оправдани трошоци не му е доделена државна помош по било кој друг основ во Република Македонија.

Член 4

За исплата на финансиска поддршка за нови вработувања, заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и преглед со податоци за сите ново вработени во претходната година, за ново вработени во претходната година кои ги исполнуваат условите согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции и месечно работно време, како и месечни платни списоци за периодот за кој се побарува финансиската поддршка потпишани од одговорно лице кај корисникот, Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија и примерок од М1/М2 образец за ново вработените државјани на Република Македонија за кои се побарува финансиска поддршка.

Член 5

За исплата на финансиска поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи регистрирани во Република Македонија, заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и преглед со податоци за добавувачите и нивна поврзаност со корисникот, краток опис на набавени производи кои се вградени во финалниот производ на корисникот на финансиската поддршка, вредноста на набавените производи од добавувачи, вкупна вредност на реализирани набавки во годината, како и фактури во оригинал или копии верни на оригинал со потпис од овластено лице и печат и изводи од деловна банка за реализираните плаќања кон добавувачи регистрирани во Република Македонија и Спецификација на добавувачи во земјата и странство (конта 220, 221) со состојба на крајот од претходната година и со состојба на крајот од претходниот месец на месецот во кој се доставува барањето за исплата.

Член 6

За исплата на финансиска поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и преглед со податоци за вредноста на настанати оправдани инвестициски трошоци (поединечно по ставки согласно член 20, став (4) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции и вкупно за проектот), поврзаност на трошоците со проектот, податоци за ангажираниот висококвалификуван персонал за проектот, како и фактури во оригинал или копии верни на оригинал со потпис од овластено лице и печат и изводи од деловна банка, договори и други финансиски документи за настанатите трошоци за индустриско истражување и развој.

Член 7

За исплата на финансиска поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и:

- Копија од месечните декларации за прием со прифаќање на податоците од платниот список со Обрасци ПП53, издадени од Управата за јавни приходи и потврдени од деловна банка дека се платени за претходната година, за исплата на средства во висина на платен персонален данок на доход од платите на вработените државјани на Република Македонија;
- Копија од годишна сметка за претходната година со СПД (Структура на приходите по дејности) рекапитулар поднесен до Централниот регистар на Република Македонија, копија од даночен биланс за предходната година потврден од Управата за јавни приходи и аналитичка картица за данок на добивка издадена од Управата за јавни приходи, за исплата на средства во висина на платен данок на добивка;

- Преглед со податоци за вкупно реализираните износи на инвестицијата во претходната година за набавка на материјални и нематеријални средства поврзани со инвестицискиот проект заедно со фактури во оригинал или копии верни на оригинал со потпис од овластено лице и печат и изводи од деловна банка за реализираните инвестициски трошоци, за исплата на парични средства во износ до 10% од реализираниот износ на инвестицијата; и

- Преглед со податоци за ново вработени државјани на Република Македонија во претходната година за кои е исполнет условот согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, како и месечни платни списоци за периодот во кој биле вработени лицата за кои се побарува финансиската поддршка потпишани од одговорно лице кај корисникот, Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија и примерок од М1/М2 образец за ново вработените државјани на Република Македонија за кои се побарува финансиска поддршка, за исплата на парични средства за секој вработен за кој е исплатена нето плата повисока за најмалку 50% од висината на минималната нето плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Македонија.

Член 8

За исплата на финансиска поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи, заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и преглед со податоци за вредноста (поединечно и збирно) на набавките во претходната година за нови машини и опрема и/или за инвестиции во објекти и земјиште поврзани со инвестицискиот проект, како и фактури и други исправи во оригинал или копија верна на оригинал со потпис од овластено лице и печат и изводи од деловна банка за настанатите инвестициски трошоци за кои се побарува финансиска поддршка.

Член 9

За исплата на финансиска поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти со потешкотии заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и преглед со податоци за видот и вредноста (поединечно и збирно) на купени материјални средства поврзани со инвестицискиот проект, како и:

- Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект со потешкотии била отворена стечајна или ликвидациона постапка;

- Потврда од стечајниот или ликвидациониот управник дека деловниот субјект со потешкотии, пред отворањето на постапка за стечај или ликвидација имал најмалку 50 вработени;

- Изјава од овластеното лице на корисникот дека деловниот субјект во период од последните три години пред отворањето на стечајната или ликвидационата постапка не бил капитално или на било кој друг начин согласно закон поврзан со деловниот субјект во потешкотии;

- Изјава од овластеното лице на корисникот дека откупените средства се ставени во употреба и се користат во производниот процес во рамките на проектот; и

- Финансиска документација и правни исправи со изводи од деловна банка за купените материјални средства поврзани со проектот.

Член 10

За исплата на финансиска поддршка за зголемување на конкурентност на пазарот, заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и преглед со податоци за вкупно настанатите оправдани инвестициски трошоци, за

просечниот број на вработените, количините на производите и приходите од дејност за продадените производи, пазарите на кои се реализирани истите, за период од претходните четири години (или за пократок период во зависност од датумот на основање на претпријатието или датумот на започнување на дејност), како и копии од царинските декларации за продадените производи.

Член 11

За исплата на финансиска поддршка за освојување на нови пазари и пораст на продажба заедно со барањето од член 2 и документите од член 3 на овој правилник се поднесува и преглед со податоци за вредноста (поединечно по ставки согласно член 31, став (1) од Законот за финансиска поддршка на инвестиции и вкупно) на реализираните трошоци и остварените или очекуваните резултати, како и фактури во оригинал или копии верни на оригинал со потпис од овластено лице и печат и изводи од деловна банка за реализираните трошоци.

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 18-3619/3
6 јуни 2018 година
Скопје

Министер за економија,
**Крешник Бектеши,** с.р.

ПРИЛОГ

**ДО:**

☐ Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот
Ул. „Никола Вапцаров“ бр. 7, 1000 , Скопје

☐ Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Бул. „Партизански Одреди“ бр. 2, 1000, Скопје
*(Корисникот го означува надлежниот орган до кој го доставува барањето за исплата)*

Б А Р А Њ Е
за исплата на финансиска поддршка

Од друштво ________________________________________, со седиште на ____________________________________________, со ЕМБС __________________, тел-број: _____________ е-пошта: ______________________

Поднесуваме барање за исплата на финансиска поддршка согласно Договорот за финансиска поддршка бр. __________ склучен со Владата на Република Македонија на ____________ 201___ согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции, за следните видови на финансиска поддршка:

| | **ВИД НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА:** | **ИЗНОС КОЈ СЕ ПОБАРУВА** (во МКД): |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка за нови вработувања | |
| 2. | Поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи од Република Македонија | |
| 3. | Поддршка за воспоставување на организациони облици за технолошки развој и истражување | |
| 4.1 | Исплата на средства во висина на платен персонален данок на доход од платите на вработени државјани на Република Македонија | |
| 4.2 | Исплата на средства во висина на платен данок на добивка | |
| 4.3 | Парични средства во износ до 10% од реализираниот износ на инвестицијата | |
| 4.4 | Исплата на парични средства за секој вработен за кој е исплатена нето плата повисока за најмалку 50% од висината на минималнатата нето плата пропишана со Законот за минимална плата во Република Македонија | |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи | |
| 6 | Поддршка за откуп на материјални средства од деловни субјекти со потешкотии | |
| 7 | Поддршка за зголемување на конкурентноста на пазарот | |
| 8 | Поддршка за освојување на нови пазари и за пораст на продажба | |
| | ВКУПНО | |

*(Корисникот се изјаснува за кои видови на финансиска поддршка се однесува барањето согласно Договорот за финансиска поддршка со наведување на износите кои ги побарува.)*

Со ова барање ја приложуваме и следната документација:

☐ Копија од склучен договор за финансиска поддршка бр._______ од _______, 20____ година;

☐ Годишна сметка и финансиски извештаи за претходната 20 ____ година;

☐ Консолидирана годишна сметка и консолидиран финансиски извештај за претходната 20 ____ година;

☐ Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, издадена на: _______ 20____ година;

☐ Потврда од Централен регистар на Република Македонија дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, издадена на: _______ 20____ година

☐ Бруто биланс со состојба на крајот од претходната 20_____ година;

☐ Бруто биланс со состојба со крајот на претходниот месец ________, 20_____ година;

☐ Список на основни средства со набавна и амортизирана вредност со состојба на крајот од претходната 20_____ година;

☐ Список на основни средства со набавна и амортизирана вредност со состојба на претходниот месец ________, 20____ година;

☐ Потврда од Царинската управа дека нема неплатен долг по основ на царина и други увозни давачки, издадено на: _______ 20 ____ година;

☐ Уверение од Управата за јавни приходи дека нема настанати и ненамирени даночни обврски, издадено на: _______ 20 ____ година;

☐ Извештај за вкупно настанати оправдани трошоци за инвестицискиот проект заклучно со крајот на претходната 20_____ година;

☐ Нотарски заверена изјава на законски застапник на корисникот, под полна материјална, кривична и морална одговороност дека приложената документација и податоците се точни, вистинити и веродостојни, и дека за истите оправдани трошоци не му е доделена државна помош по било кој друг основ во Република Македонија; и

(*Корисникот ги означува документите кои ги приложува кон барањето и ги пополнува бараните податоци)*

☐ ______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

*(Корисникот ги наведува дополнителните документи за секој вид на поддршка кои ги побарува согласно Правилникот за формата и содржината на барањето за исплата на финансиската поддршка и потребната документација.)*

Потребни податоци за деловниот субјект за исплата на финансиската поддршка

Целосен назив на субјектот:___________________________________________________

Број на жиро сметка и деловна банка:___________ ______________________

Единствен даночен број (ЕДБ):_________________________________________________

Број на повикување *(бр. на барањето)*:_____________________________________________

По барање на надлежниот орган за исплата на финансиската поддршка, согласни сме да доставиме и други документи со кои се потврдуваат податоци и факти наведени во барањето и документацијата.

Датум

**БАРАТЕЛ**

________________________________

____________

________________________________

М.П

*(скр.назив на друштво, одг.лице, потпис)*